**20210711064**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 500 ДЕНАРИ СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек книжни пари во апоен од 500 денари со ознака на печатење „Април 2020“ и со белези утврдени во Одлуката за издавање апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96), Одлуката за издавање и печатење банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/03) и Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/19 и бр. 88/20), почнувајќи од 1 април 2021 година.

2. Со пуштањето во оптек на книжните пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Северна Македонија остануваат во оптек книжните пари во апоен од 500 денари издадени според Одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96) и Одлуката за издавање и печатење банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/03).

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/IV-3/2021
26 март 2021 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.